**ЗАПИСНИК**
**од 2-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 17.01.2017 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, м-р Методија Јанчески, Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазар Трајчев (оправдано отсутен).

**На седницата не беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, (користење на годишен одмор).**

**На седницата беше присутна м-р Драгица Љубевска, овластено лице од д-р Зоран Трајчевски, со Овластување бр. 03-56/1 од 05.01.2017 година.**

**Присутни од Стручна служба:** д-р Ирена Бојаџиевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, м-р Арбен Саити, Цветанка Митревска, Маја Дамевска, м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** Дејан Ѓоргиевски од ЦРМ и Столе Наумов.

Г-дин Петрушевски, ја отвори 2-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Фиданоски, забележа дека г-дин Петрушевски при отворањето на седницата, најавил дека се присутни сите 7 члена на Советот, но констатира дека г-дин Трајчев не е присутен.

Г-дин Петрушевски, се согласи со забелешката и објасни дека г-дин Трајчев во текот на вчерашниот ден му се јавил и рекол дека е на зимски одмор и дека ќе се обиде да пристигне на седницата, но со оглед на снежните зимски услови, рече дека најверојатно нема да пристигне.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 1-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.01.2017 година.
2. Предлог-одлука за доделување дозвола за радио емитување, на локално ниво.
3. Предлог-одлука за исплата на средства за ИПА-ТАИБ 2011.
4. Предлог за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2017 година, на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
5. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка-стока: Тонери за потребите на Агенцијата.
6. Разно.

**Точка 1**

Членовите на Советот го разгледаа и едногласно го усвоија предложениот записник од 1-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.01.2017 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Раководителката на Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, м-р Драгица Љубевска, ја образложи Предлог-одлуката за доделување дозвола за радио емитување, на локално ниво. Објасни дека минатата година на 25 мај, доставено е Писмото за намери (барање) поднесено од страна на физичкото лице Шабедин Шабани од с.Матејче, Липково, за добивање дозвола за локална радиостаница во Куманово. За таа цел, АЕК достави информација дека има слободни фреквенции за емитување на радио програма на локално ниво за град Куманово. Од страна на АААВМУ, изработена е Студија која покажа дека има оправданост за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво, на подрачјето на град Куманово. Од тие причини, Агенцијата донесе Одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Куманово, со краен рок за доставување на пријави за учество на јавниот конкурс до 11.12.2016 година. До Агенцијата беше доставена една пријава со придружна документација за доделување дозвола за радио емитување, а јавното отворање се одржа на 19.12.2016 година. На 20 декември 2016 година се пристапи кон оценување на поднесената пријава и беше констатирано дека поднесената пријава за учество на јавниот конкурс на единствениот кандидат Бесим Шабани од с.Матејче, општина Липково ги исполнува условите утврдени во конкурсот согласно погоре наведената Одлука на Агенцијата.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-20 од 13.01.2017 година и едногласно донесе Одлука за доделување дозвола на Бесим Шабани од с.Матејче, со адреса на живеење во с.Матејче, општина Липково, П.бр.1306, за радио емитување на програмски сервис, говорно - музичко радио со претежно информативен општ формат, на албански јазик, на локално ниво, на подрачјето на општина Куманово, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на РМ, и тоа: 97.6 MHz, со текст како што беше предложена.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, Одлуката за доделување дозвола да ја достави до Бесим Шабани од с.Матејче, со цел да регистрира трговско радиодифузно друштво во соодветниот регистар. Во рок од 15 дена од денот на приемот на регистрацијата, Агенцијата ќе ја издаде предметната дозвола.

Г-дин Петрушевски, по изгласаната точка, во негово име и во име на Агенцијата и членовите на Советот му честита на г-дин Бесим Шабани и му посака успех во работата, а радиото да има доволен број на слушатели.

**Точка 3**

Помошник раководителот на Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, д-р Ирена Бојаџиевска, ја образложи Предлог-одлуката за исплата на средства за ИПА-ТАИБ 2011. Објасни дека како корисник на

Проектното фише 4 (Freedom of Expression-Support to Media) од Националната програма ИПА 2011 од првата компонента од ИПА, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги доби Барање од Министерството за финансии – Национален фонд на РМ за трансфер на национално кофинансирање на сметката на Националниот фонд. Имено, врз основа на Барањето на средства за плаќање од страна на ЦФЦД бр.12-216/1 од 11.01.2017 година, издадено е Одобрување на барање за плаќање бр.10-216/4 од 13.01.2017 година од страна на Националниот фонд. Согласно договорот за обезбедување на националното кофинансирање, АААВМУ треба да обезбеди 25% од вкупниот износ (839.608,00 евра), за горенаведениот проект - „Обезбедување опрема за мониторинг на медиумските содржини што го врши Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги" EuropeAid/136311/IH/SUP/MK. Вкупниот износ кој Агенцијата го исплаќа за овој проект е 209.902,00 евра. До сега Агенцијата има исплатено 83.935,80 евра. Според Барањето за трансфер на национално кофинансирање (бр. 10-216/4 од 13.01.2017), доставено од Министерството за финансии – Национален фонд на РМ, АААВМУ треба да исплати на сметката на Националниот фонд износ од 123.441,20 евра во денарска противвредност на денот на конверзија. Средствата се предвидени во Финансискиот план на Агенцијата за 2017 година. Трансферот на горенаведените средства треба да се изврши на 18.01.2017 година, најдоцна до 10.00 часот. Исплатата на средствата ќе се изврши согласно член 7 од Договорот за обезбедување на национално кофинансирање за проектите финансирани од првата компонента од Инструментот за претпристапна помош – ИПА под децентрализиран систем за управување со средствата од Инструментот за претпристапна помош – ИПА (бр.27-13419/1 од 27.03.2013 и бр.03-1533/1 од 03.04.2013 година). Појасни дека од оваа ставка, изземена е само ставката за обуки, бидејќи обуките ќе бидат испорачани во текот на месец февруари, со партнерите од конзорциумот од Словенија. Тие ќе го презентираат системот. По овој износ, ќе преостанат околу 2500 евра, кои треба да се исплатат некаде во месец март и со тоа веќе нема дополнителни побарувања во однос на проектот ИПА-ТАИБ 2011.

Г-дин Фиданоски, праша дали евентуално има некаков проблем или застој при функционирањето во просториите каде е инсталирана опремата преку која се примаат сигналите од регионите кои доаѓаат во централата или се досега тече како што треба?

Помошник раководителот на Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, д-р Ирена Бојаџиевска, одговори дека во овој момент, колегите го тестираат системот и при тоа до сега се нема јавено никаков проблем. Информира дека една година од исплаќање на оваа рата има одржување од страна на добавувачот, што значи дека колегите од фирмата АСЕКО , постојано се на располагање за решавање на било какви евентуални проблеми кои можат да се јават при прибирање на сигналот, примопредавање на работите, преземање на системот во комплетно владение, што практично би значело дека 24/7 Агенцијата ќе има ментори на располагање за овој систем.

Раководителката на Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, м-р Драгица Љубевска, објасни дека тестирањето се однесува на сигналот што го доставуваа ОЈКМ, каков е квалитетот на сликата која се прима во Агенцијата при што немаше големи забелешки а сигналот досега е во ред.

Г-дин Фетаи, рече дека му е драго што технички и технолошки Агенцијата успеа да се опреми во функција на извршување на законските обврски што ги има како институција. При тоа објасни дека има една забелешка, односно еден случај кога американски филм се преведува на македонски, на титлот се направил фалсификат од

страна на преведувачот на тој филм. Всушност, рече, тој прави фалсификат на оригиналот. Праша дали Агенцијата ги има тие снимки по кои може тоа да се констатира? Филмот бил емитуван пред 3-4 дена, трилер-акција, каде наместо терористот Марк, преводот бил „терористот Али Ахмети“. Филмот бил емитуван во пакетот на МАХ ТВ. Во оригинал на англиски се слушало едно а во титлот е преведено сосема нешто друго.

Г-дин Петрушевски, му предложи на г-дин Фетаи да ги даде податоците за конкретниот датум и операторот, а потоа Стручната служба да стапи во контакт за да ги добие снимките и да ги провери.

Г-дин Ајдини, праша дали Агенцијата има снимки, односно дали снима 24 часа и дали ретроактивно може да се побараат тие снимки? Рече дека стапил во контакт со раководителката на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска, која објаснила дека Агенцијата снима само секвенци од сервисите во програмските пакети на операторите, а не и целата нивна програма.

Г-дин Петрушевски, објасни дека домашните медиуми кои се тука, тие снимки ги има наназад најмалку 30 дена. Но доколку се работи за странски програмски сервиси, Агенцијата не ги снима, но на одреден период прави мониторинг за да се проверат авторските права. Постои можност самиот оператор МАХ ТВ поради тоа што се работи за озбилен оператор, да ги има. Предложи сите заеднички да се потрудат ако има технички можности, снимките да се обезбедат. Рече дека и тој ќе се потруди, а и службите.

Г-дин Фиданоски, рече дека од негово лично искуство, бидејќи е корисник на МАХ ТВ на Телеком, не знае за кој телевизиски канал станува збор кој го емитувал филмот со правата што ги добил, но можно е тој филм да се повтори по одредено време и повторно да се емитува со истиот превод. Според него, има реални шанси тоа да се случи.

Г-дин Ајдини, рече дека се работи за МАХ ТВ од пакетот на ТРИНГ Албанија, но како се случило да се дојде до таков превод не знае. Во филмот се зборува за сосема некои други терористи а се преведува како терористот Али Ахмети. На крајот од филмот рече дека треба да стои името на преведувачот, но немало податоци за него.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр. 13-420/2 од 16.01.2017 година поднесен од м-р Драгица Љубевска, овластено лице од д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со Овластување бр. 03-56/1 од 05.01.2017 година и едногласно даде одобрување за донесување одлука за исплата на средства за национално кофинансирање (НКФ) за проектот на АААВМУ од IPA TAIB 2011 „Обезбедување опрема за мониторинг на медиумските содржини што го врши Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“, EuropeAid/136311/IH/SUP/MK, во износ од 123.441,20 евра во денарска противвредност на денот на конверзија.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, исплатата на средствата да ја изврши согласно член 7 од Договорот за обезбедување на национално кофинансирање за проектите финансирани од првата компонента од Инструментот за претпристапна помош – ИПА под децентрализиран систем за управување со средствата од Инструментот за претпристапна помош – ИПА (бр.27-13419/1 од 27.03.2013 и бр.03-1533/1 од 03.04.2013 година).

Трансферот на горенаведените средства треба да се изврши на 18.01.2017 година, најдоцна до 10.00 часот.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, м-р Драгица Љубевска, го образложи Предлогот за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2017 година, на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Објасни дека во постојниот Годишен план за јавни набавки за 2017-та година на Агенцијата, во Глава I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки, предвидена е ставка 9 – Набавка на ИКТ опрема, која што треба да се подели, во 2 нови ставки/постапки, заради зголемување на ефикасноста на набавката.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.05-396/1 од 13.01.2017 година, од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и едногласно даде одобрување за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2017 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-6664/1 од 23.12.2016 година, со текст како што беше предложен.

Согласно потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, неопходно е постојниот Годишен план за јавни набавки во 2017 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни услуги бр.05-6664/1 од 23.12.2016 година, да се измени и дополни, и тоа:

- во Главата I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки, да се извршат следните измени и дополнувања, и тоа:

1.1. Ставката/постапката под бр. 9, која гласи:

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Вид на постапката | Проценета вредност на набавка / рамковна спогодба без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 9. | Набавка на ИКТ опрема | | јануари | Отворена постапка | 3.650.000,00 денари |

Се менува на следниот начин, и гласи:

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Вид на постапката | Проценета вредност на набавка/рамковна спогодба без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 9. | Компјутери за мониторинг на избори | | јануари | Отворена постапка | 2.600.000,00 денари |

1.2. По ставката/постапката под бр. 9, се додава нова ставка/постапка бр.10, која ќе гласи:

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Вид на постапката | Проценета вредност на набавка/рамковна спогодба без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 10. | Проширување на системот за мониторинг и подобрување на ИКТ мрежа на Агенцијата | | по потреба | Постапка со барање за прибирање понуди | 1.050.000,00 денари |

За предложеното изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2017 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-6664/1 од 23.12.2016 година, средствата во целост се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017-та година.

Се задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи, да изготви пречистен текст на Годишниот план за јавни набавки во 2017 година.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, м-р Драгица Љубевска, ја образложи Предлог-одлуката за потреба од јавна набавка-стока: Тонери за потребите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски, објасни дека кога ги читал материјалите по точката, забележал дека е искористена можност од Законот. Имено се работи за стандардна техничка спецификација објавена од Бирото за јавни набавки. Во овој случај кога институцијата користи ваков вид на спецификација, иако се работи за стока, проверката не оди на Совет за јавни набавки со што постапката се забрзува. Рече дека ова претставува добра можност која вработените во секторот ја искористиле.

Советот на Агенцијата го усвои предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-344/3 од 13.01.2017 година и едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка - стока: Тонери за принтер и копир апарати.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот – стока: Тонери за принтер и копир апарати, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2017 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.05-6664/1 од 23.12.2016 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017-та година.

**Точка 6**
**Разно**
Немаше точки под Разно

**Бр.** 02-387/6
25.01 **2017 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**